ЦЕНТАР ЗА
ХУМАНИ ОДНОСИ

Бр. 03-01/1
16.01 2023 год
Крушево

# Годишен извештај за работа на НВО Центар за хумани односи – Крушево за 2022 год.

Предлага,
Андигона Ангелеска – претседтел на НВО „Центар за хумани односи" - Крушево

Усвојува,
У.О на НВО Центар за хумани односи

Во 2022 година полека, но сигурно ги продолживме граѓанските активности кои се во основата на нашето постоење. После ковид – 19 затворените и изменети средби и протоколите при комуникација, почнавме со физички средби, на кои како тим ја донесовме годишната програма за работа и приоритетите за 2022 г.

Веќе во март аплициравме на конкурсот на Општина Крушево за поддршка на годишните програми за работа на НВО „ЦХО" и добивме 33.000 мкд кои ги искористивме за подготовка на еко – органски традиционални пакети, кои општина крушево ги додели на бројни странски делегации во посета на општината, како и на победниците на некои спортски настани. Дел од средствата беа наменети за подготовка на два базари, за Илинден и за Дева во чест на неговото раѓање.

Самостојно го реализиравме проектот „119 години Мартиноски" поддржан од министерството за култура за 2022 година во износ од 54.000 мкд. Сите средства се искористени согласно намената на проектот, одржани беа 3 ликовни работилници на кои вкупно учествуваа 40 учесници, тројца ментори, а делата креирани на ликовната колонија беа дел од групната изложба по повод 119 роденден на Мартиноски одржана во Галеријата на Никола Мартиноски на 18.08. 2022 г.

Поднесовме и одобрен за реалзиација е 18 месечен проект „Имплементирање и мониторинг во реализација на родовите перспективи во социјалната програма, програмата за млади и спорт и програмата за образование во општина Крушево" во рамки на ЕУ проектот „Низ женски леќи" кој ќе се спроведува од април 2022 до септември 2023 г. во висина од 240.000 мкд. Главните активности во 2022 се одржани две работилници за едикација за воведување на родовите аспекти во општинските буџети на општина Крушево, одржана дебата за 16 години женски активнизам против родово базирано насилство, анкета и три работни средби со средношколци и основци за подобрување на програмата за спорт на општина Крушево, како и анализа на трите општински програми, за спорт, образование и социјална заштита и подготовка на препораки за 2023 г.

Во периодот мај – јуни 2022 г., учествуваме како партнери и носители на 5к атлетскта трка која се реализираше во рамки на аутдор фестивалот When in Krushevo, и тоа во целокупното, планирање, организација, логистика, реализација и архивирање и документирање на сите податоци, догооври, исплати.

Нашите членки следеа бројни он- лајн работолници, но и беа присутни на настаните кои општина Крушево ги спроведе на заедничкиот ЕУ проект со Елбасан- Албанија. Исто така присуствуваме на две работилници за промоција на социјалната – екомонија со предавач од Турција, на две работилници за „ Јакнење на соработката меѓу туристичкиот сектор и локалните јавни предпријатија" и на бројни заеднички настани со Платформата за развој на туризам, во општина Крушево и во РСМ.

Заедно со волонтери на Црвениот крст се вклучивме во волонтерската активност за уредување, чистење и садење на цвеќиња на улицата Тоше Проески .

Во периодот од 1-10 август 2022 г. ја реализиравме поставката „Влашка соба" во рамки на ЕТНО саемот Крушево 2022, заедно со Домот на културата во Крушево.